ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 13.06.2013

# СООПШТЕНИЕ

## За целосно информирање на јавноста во врска со барање за лекување во странство на осигуреникот А.К. од Битола

Во врска со апелот за донација во вредност од 20.000 евра за лицето А.К од Битола, за трансплантација на црн дроб и објавен на веб порталите, **ФЗОМ сака** целосно и веродостојно да ја информира јавноста, дека **во рекорден временски рок е одобрено барањето** за лекување во странство на осигуреникот А.К. кое е поднесено од страна на родителите на А.К. на 10.06.2013 година.

Предлогот за упатување на лекување во странство, односно конзилијарното мислење, од страна на Клиниката за дигестивна хириргија е издаден на 07.06.2013 година.

Првостепената и второстепената лекарска комисија за лекување во странство, која е независно тело сочинето од еминентни професори од Универзитетските клиники и брои 7 членови, донесе позитивно мислење на 12.06.2013.

Лекувањето ќе се изврши во Истанбул, Турција. Лекувањето би траело околу 21 ден и трошоците на лекувањето се предвидени да изнесуваат 58.000 евра.

Исто така, на осигуреникот А.К ќе му се рефундираат средства за превоз за лицето за патувањето од Скопје до Турција, како и за придружник (родител), што значи дека трошоците за превоз се на товар на ФЗОМ.

Со ова соопштение Фондот сака да ја информира јавност во однос на постапката за барањето за упатување за лекување во странство за лицето А.К. поради барањата за донации по социјалните мрежи и порталите, дека ФЗОМ има одобрено лекување во странство на товар на ФЗОМ.

Со почит,
ФЗОМ